**ООУ„Тихомир Милошевски“- С. Ново Село-Ѓорче Петров**

**ИЗВЕШТАЈ**

**од државниот натпревар по англиски јазик за 5-то и 9-то одд.**

**На ден 06.05.2017г. во гимназијата „НОВА“ - Скопје, се одржа државниот натпревар по англиски јазик за 5-то и 9-то одделение во организација на Здружението на наставници по англиски јазик на Р. Македонија, ЕЛТАМ. На натпреварот учествуваа учениците Александар Лазаровски (5-то одд) и Ангела Андреевска (9-то одд.) менторирани од наставничките по англиски јазик Вецка Спасова и Љубица Тримоска. Учениците имаа можност да се запознаат, дружат и натпреваруваат со другарчиња од основните училишта од сите градови на Република Македонија додека наставничките беа вклучени во прегледување на тестовите од учениците со што придонесоа за реализацијата на натпреварот.**

**Иако учениците не освоија победнички места на државниот натпревар, постигнаа високи резултати (91, 81 бод) и се збогатија со едно ново искуство и уште повеќе се мотивираа за понатамошно усовршување на англискиот јазик.**

